# И З В Е ШТАЈ

Од одржана мобилност на тема: **“Inclusive Education”**, во Анталија, Турција. Обуката беше организирана од страна на провајдерот: “Anatolia Education”. На седумдневната обука, во периодот од **24.06 - 30.06.2021 година,** беа присутни: Билјана Црвенова, наставник по англиски јазик и Бранка Димевска Коцева, наставник по историја, од основното училиште ООУ Кочо Рацин, како и наставници и стручни соработници од средното училиште “Dr.Al Safran Bacau” од Романија.

Обуката беше наменета за оние што применуваат интеграција и инклузија во својата училница преку креативни методи базирани на игра во едукација на деца со посебни потреби. Беа претставени и елаборирани бројни методи на обезбедување и давање креативни идеи и практични ресурси за успешна имплементација на наставната содржина во едукацијата на деца со ПОП во различни услови. Се презентираа и различни пристапи основани на потребите на ученикот со ПОП, како што се учење основано на задачи и решавање на проблеми во еден фикционен контекст на “process drama” методот, односно учење преку улоги. Исто така се идентификуваа ризици, фактори и бариери при интеграција и инклузија во училницата.

Мобилноста имаше за цел да покаже дека социјалните активности и игрите можат да го забрзат развојот на факторите за поддршка при едукацијата со што се развиваат комуникациски, колабoрациски, презентациски, решавање на проблеми, приговарачки, критички и креативни мисловни вештини.

**Извештајот го подготвија:**

**Билјана Црвенова,** наставник по англиски јазик во ООУ “Кочо Рацин”, Скопје дел од проекниот тим во реализација на **Еразмус КА101** Проектот со наслов: **“Dealing with challenging behavior”**

**Бранка Димевска Коцева**, наставник по историја

Координатор на проектот **“Dealing with challenging behavior”**







ANATOLIA


